Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.12.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6560 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 ноември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 ноември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четири часовната програма емитувана на 21 ноември 2014 година, ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за продукцијата на поединечните програмски целини / емисии, или за поединечните новинарски прилози како составен дел од вестите / ТВ дневниците – најчесто се идентификуваат водителите на програмските целини, уредниците, новинарите-автори на одредени прилози и техничкото водство, но недоследноста е во тоа што овие податоци не се дадени константно и стандардизирано за сите поединечни прилози или програмски целини; на пример: немаат сите прилози во вестите идентификуван сниматель и монтажер, иако очигледно станува збор за сопствена снимка и монтажа; има и програмски целини / емисии што немаат одјавна шпица („Спортски вести" и „Метео").

- Кај купените програми што се емитуваат на програмскиот сервис на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, на пример, кај сериите и серијалите, не се објавуваат <u>редовно по секоја емитувана епизода</u> податоците за македонската актерска и техничка екипа што ги прилагодува и ги нахсинхронизира аудиовизуелните материјали, ниту пак редовно по секоја епизода се објавуваат и податоците што треба да ги содржи оригиналната најавна / одјавна шпица; овие податоци се објавуваат само еднаш, по една (најчесто) воведна епизода за повеќе изданија од сериите и/или од серијалите.

***Предлог мерка:***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сѐ други информации за поединечните содржини (емисии или новинарски прилози) треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*26.12.2014 година*